**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 11-589/6**
**Скопје, 08.11.2005 година**

**ДО**

**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ЕДИНИЦАТА**
**НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА „ГАЗИ БАБА„**

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Органот на единицата на локална самоуправа Гази Баба за 2004 година, кои се прикажани на страните од 14 до 16 .

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 55 од Законот за буџетите, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Буџетот на Општина Гази Баба за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

- Борче Стефановски, градоначалник на општина Гази Баба, од 01.01.2004 година до 31.12.2004 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 до 12, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во периодот од 20.06. до 19.07.2005 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија во состав:

- Лилјана Стојанова - Помошник ГДР, и овластен државен ревизор;
- Катица Николовска - Ревизор;
- Билјана Сурлевска - Ревизор;
- Катерина Чаловска - Помлад ревизор.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи;

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. На ден 04.10.2005 година со писмо број 11- 589/4 од 04.10.2005 година примени се забелешки по предходниот извештај на овластениот државен ревизор. Истите се разгледани и е констатирано следното:

-забелешките на точките 10.1.1; 10.1.2.;10.1.3.;10.1.4.;10.1.5.;10.1.6.;10.2.1.;10.2.2.; 10.2.3.;.2.6.;10.2.7.;10.2.8.;10.2.9.;10.2.10,;10.2.11;10.2.12;10.2.13.;10.2.14.;10.2.15.;10.2.16.;10.3.8. и 10.4.2. не се прифаќаат.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2004 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

## 11.1. Неправилна примена на сметководствени политики и начела

11.1.1. Општината не располага со сите задолжителни помошни книги пропишани согласно Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници и Правилникот за буџетите и буџетските корисници, што е спротивно на член 8 од наведениот закон и член 7 од наведениот правилник. Ова доведува до неточно, нецелосно, неажурно и ненавремено евидентирање на финансиските трансакции.
**Препорака:**
Општината да ги воведе сите помошни книги пропишани со Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници.

11.1.2. Општина Гази Баба нема воспоставен систем на редовна внатрешна сметководствена контрола, што е спротивно на член 17 од Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници. Ефектот од немање на редовна внатрешна сметководствена контрола овозможува ненаменско трошење на јавните средства и зголемени трошоци.

**Препорака:**
Да се почитуваат одредбите од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници поточно член 17 и да се воспостави систем на редовна внатрешна сметководствена контрола.

11.1.3. Извршен е попис на средствата и изворите на средства со состојба на 31.12.2004 година, но не е извршено усогласување на нивната вредност искажана во сметководството со фактичката состојба, согласно одредбите на Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници и Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, што доведува до нереално прикажување на состојбата на материјалните средства и нивните извори.
**Препорака:**
Да се преземат мерки и активности Комисијата за попис да врши попис на средствата и изворите во согласност со законските прописи, и да врши задолжително усогласување на состојбата на средствата и нивните извори, меѓу фактичката и сметководствената состојба.

11.1.4. Во сметководствената евиденција кај општина Гази Баба нема јасно разграничување помеѓу трошоците евидентирани на позицијата Изградба, реновирање и унапредување и позицијата Специјално и тековно одржување кое не дава точна состојба за трошоците по пооделните позиции, како и нема конзистентност ист вид на трошок се евидентира на различно конто кое го оневозможува пратењето на еден договор или објект и трошоците направени по тој основ, кое е резултат за непочитување на Правилникот за класификација на расходите.

11.1.5. Општина Гази Баба располага со материјални средства како што се патишта, улици и други објекти кои во книговодството на општината не се евидентирани на соодветните сметки пропишани со Правилникот за сметковниот план на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план за буџетските корисници. Во текот на 2004 година, на објекти од овој вид по разни основи, има направено расходи во вкупен износ од 68.970 илјади денари кои воопшто не се разграничени и соодветно евидентирани како зголемување на вредноста на истите и истовремено зголемување на Државниот- јавен капитал. Ваквото постапување е спротивно и на одредбите од членот 67 од Законот за јавни патишта (Сл.весник на РМ бр, 26/96……29/02).
И покрај претходно наведеното во Општина Гази Баба нема воведено евиденција на споменатите објекти, истото е резултат на една подолго применувана пракса. Нереалното искажување на материјалните средства не дава точна состојба на материјалните средства и нивните извори во општината.
**Препорака:**
- Да се преземат мерки и активности за евидентирање на локалните патишта и улици (сервисни и стамбени) кои припаѓаат на општината Гази Баба, и
- Да се воведе пракса за евидентирање на капиталните расходи на соодветните конта за материјаните и нематеријалните средства и Државниот- јавен капитал.

11.1.6. За капиталните расходи кои значат инвестиции во тек по основ на изградба, реновирање и друг вид на вложување правниот субјект не води евиденција на позицијата Матријални средства во подготовка, што не е во согласност со Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, Правилникот за сметковниот план на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план за буџетските корисници. Поради тоа оневозможено е да се следи вложувањето во одреден објект (пат, улица, или друг објект), соодветно на тоа и да се евидентира зголемување на набавната вредност и деловниот фонд, при давање на истите во употреба.

**Препорака:**
Вложувањата во материјалните средства да се евидентираат на ставките за инвестиции во тек – градежни објекти, опрема и друго и по активирањето да се евидентираат од овие ставки на ставките за Материјални средства во употреба и истовремено да се изврши зголемување на Деловниот фонд.

**11.2. Неправилности во искажување на приходите и расходите**

11.2.1. Поради погрешна сметководствена евиденција ревизијата утврди нереално искажување на приходите во Билансот на приходи и расходи, спротивно на Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план за корисниците на буџетите и тоа:

- Ставката Даночни приходи е преценета за износ од 56.982 илјади денари, за кој износ е потценета ставката Трансфери и донации;
- Ставката Неданочни приходи е преценета за износ од 3.456 илјади денари а е потценета ставката Трансфери и донации.

Ваквиот начин на евидентирање создава нереална слика за остварените приходи по сите основи.
**Препорака:**
При евидентирањето на приходите правилно да се преминува Правилникот за содржината на одделни сметки во сметковниот план за буџетските корисници и Правилникот за класификација на приходите.

11.2.2. Ставката Даночни приходи во Билансот на приходи и расходи е преценета за износ од 6.702 илјади денари за колку е потценета ставката Трансфери и донации . Ова од причина што при наплатата на надомест за уредување на градежно земјиште преку компензации средствата се евидентираат и кај Буџетот и кај Органот како приходи а не како трансфери и донации кај Органот односно се постапува спротивно на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници. Истото доведува до нереално прикажување на приходите по основ на комунален придонес.
**Препорака:**
При наплатата на приходите по основ на комуналии преку формата на компензации приходите не треба да се евидентираат и кај Буџетот и кај Органот. Формата на плаќања по основ на цесии, компензации и асигнации треба да се избегнува бидејќи преку истата се нарушува принципот на буџетско сметководство.

11.2.3. Ставката - Основни плати и наемнини во Билансот на приходи и расходи, во делот на потставката Основни плати- функционери е преценета во вкупен износ од 253 илјади денари, за исплатената нето функционерска плата на секретарот на Советот, за кој износ е потценета потставката Основни плати- работници. Наведеното е спротивно на Законот за исплата на плати и надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и на другите избрани и именувани лица во Републиката.
Поради непостоење на акт за пресметка на плата на погоре наведеното лица, во согласност со критериумите кои важат за органите на Општината, ревизијата не е во состојба да го квантифицира ефектот на претходниот наод врз вишокот на приходи над расходи.
**Препорака:**
При исплатата на платите треба да се почитуваат одредбите од Законот за исплата на плати и надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и на другите избрани и именувани лица, за лицата кој имаат третман на функционери.

11.2.4. Ставката Надоместоци во Билансот на приходи и расходи е преценета во вкупен износ од 2,722 илјади денари, за кој износ се преценети трошоците а е потценет вишокот на приходи над расходи и тоа:


***Ул:"Маршал Тито"бр.12/3***
***Палата Македонија-Скопје;***
***тел: 3211-262; факс: 3126-311***

- за повеќе исплатени паушални надоместоци на членовите на советот во износ од 2.506 илјади денари во однос на утврденото право во член 100 од Законот за локална самоуправа;
- за неосновано исплатениот паушален надомест на Градоначалникот во износ од 216 илјади денари спротивно на Законот за исплата на плати и надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и на другите избрани и именувани лица.

**Препорака:**
При исплата на надоместоците да се почитуваат одредбите од Законот за локална самоуправа и другата законска регулатива која ги третира надоместоците.

11.2.5.Ставката Придонеси од плати и персонален данок во Билансот на приходи и расходи е преценета за иснос од 480 илјада денари за платениот персонален данок за предходно споменатите исплати на надоместоци на советниците и Градоначалникот. За истиот износ е потценет вишокот на приходи над расходи. Поради исплата на надоместоци повисоки од законски утврдените се зголемуваат и трошоците по основа на персонален данок.

11.2.6. Од фактурите и сметкопотврдите за угостителски услуги во одреден број случаи не е можно да се утврди:

- за кого е услугата (гости од странство, од домашни институции);
- кој е корисник на услугата од општината како и кога истата е извршена;
- сметкопотврдите од угостителските објекти најчесто се непотполни(нема дата, број, за кого се однесува и слично);
- фискалните сметки кои се во прилог на сметкопотврдите најчесто се после 23 часот како и во денови на викенди;
- кај сметкопотврди на износ од 15 илјади денари корисник на услугата е лице кое не е вработено во општина Гази Баба;

Општина Гази Баба нема акт со кој се регулира правото на користење на угостителски услуги во земјата и во кои услови (протоколарни и официјални посети на домашни и странски гости, работни средби), како и правото на користење на репрезентација во рамките на субјектот( утврдување на месечен лимит), кое овозможува неконтролирани трошоци по овие основи.

**Препорака:**
Надлежното одделение во Општина Гази Баба треба да донесе акт со кој што ќе се регулира правото на користење на угостителски услуги – репрезентација во земјата, како и акт со кој што се регулира правото на користење репрезентација во рамките на субјектот - бифето (утврдување месечен лимит).

11.2.7. Ставката Комуникација и транспорт е преценета за износ од 74 илјади денари, за истиот износ е потценета ставката Вишок на приходи над расходи, за набавените ваучери без да постои Одлука со која ќе се регулира потребата од набавка на истите и ќе се определат лица на кои ќе им бидат дадени на користење ваучерите. Дел од ваучерите се набавени со сметкопотврди без фискална сметка.
Општина Гази Баба нема донесено интерен акт за утврдување на лицата кои за извршување на работните задачи имаат потреба од користење на службен мобилен телефон ниту пак има утврден лимит за користење на мобилни телефони, кое создава можности за нелимитирани трошоци по овие основи.

**Препорака:**
Надлежното одделение на Општина Гази Баба да донесе акт со кој ќе утврди кој и во кои случаи и до колкав износ ќе има право на користење на мобилен телефон кој трошок ќе се наплати од средствата на општината. Се со цел за поекономично користење на средствата за јавна потрошувачка.

11.2.8. Ставката Комуникација и транспорт е преценета за износ од 132 илјади денари, за истиот износ е потценет Вишокот на приходи над расходи и тоа:

- За исплатените 26 илјади денари за набавка на гориво за возила кои не се сопственост на општината ниту пак има донесено Одлука за користење на други возила за службени цели, и
- За исплатените 106 илјади денари за набавка на гориво за моторни возила по сметки без да има фискална сметка и без да е наведен регистарскиот број на возилото за кое е набавката.

Набавувано е гориво во доцните вечерни часови посебно се карактеристични набавките во деновите 28,29 и 30 Декември кога за три возила е набавено гориво од 934 литри, а е карактеристично што кај овие набавки времето на издавањето на сметките е со разлика од неколку минути а се работи за набавка на гориво кај возило со ист регистарски број. Немањето на соодветни интерни акти и контролни постапки доведува до неконтролирани трошоци по овој основ.

**Препорака:**

Надлежното одделение да донесе акт со кој ќе се регулира користењето на службените возила како и на други возила за службени цели како и да се утврди процедура со секоја сметка за гориво да има прилог на налог за користење на службено возило односно да се води евиденција за поминатите километри и потрошеното гориво по возило.

11.2.9. Ставката Договорни услуги е преценета за износ од 54 илјади денари, за истиот износ е потценет Вишокот на приходи над расходи во Билансот на приходи и расходи, и тоа:

- за исплатени адвокатски услуги во износ од 33 илјади денари на едно лице-адвокат без да има договор или било каков друг акт за ангажирање на истото лице како и доказ за извршената работа.
- За набавената уметничка слика на износ од 21 илјада денари која не е евидентирана како основно средства а нема никакви документи од кои може да се види за каква намена истата е набавена.

**Препорака:**

Секоја исплата на средства да биде поткрепена со соодветна валидна и уредно ликвидирана финансиска документација.

11.2.10. Исплатени се средства во износ од 212 илјади денари за ангажирање на едно лице (подолготрајно) со договор на дело, без одлука за ангажирање со која што треба да се утврди потребата од дополнително ангажирање.

Ревизијата не беше во можност да утврди како се определува месечниот надомест на вработените со договор на дело за лицата кои се ангажираат подолготрајно, а е исплаќан надомест во износ повисок од платата на Градоначалникот.

Од приложената документација не е можно да се потврди дека работите за кои што е ангажирано лицето вистински се извршени ( месечни извештаи и слично).

**Препорака:**

Надлежното одделение на општина Гази Баба, со акт да го уреди ангажирањето на лица преку договор за дело, со посебна нагласка на: утврдување на потреба од дополнително ангажирање на лица, конкретен опис на ангажманот, критериуми за утврдување на висината на надоместот и условите за плаќање на надоместот ( доказ за извршена работа).

11.2.11. Извршена е исплата на синдикална организација при општина Гази Баба износ од 186 илјади денари за програмски активности и организирање на синдикални спортски игри. Исплата на овие средства не е во согласност со надлежностите на општината пропишани со Законот за локална самоуправа, поради што и расходите по овој основ се преценети за сметка на што е потценет вишокот на приходи.

**Препорака**

Да се почитуваат одредбите од Законот за буџетите спротивно на истиот да не се трансферираат средства до институции за кои нема законски основ да се финасираат од буџетот на општината.

11.2.12. Без одобрение на Советот вршени се набавки на канцалариски намештај и опрема ( канцалариски столици и маси, клима уред и др.), во износ од 180 илјади денари кој не се користат за потребите на општина Гази Баба туку истите , исто така без одобрение на Советот, се дадени на користење на физички лица без да има соодветен документ за лицето на кого се дадени средствата, времето и начинот на користење на истите и условите под кои се даваат на користење. Со ваквиот однос на непочитување на законските и статутарни одредби за користење на средствата со кои располага општината се нарушува принципот за домаќинско управување со имотот на општината.

**Препорака :**

Да се почитуваат одредбите од Статутот поточно член 73 при набавка на опрема како и законските одредби, а за опремата која е дадена и е на користење кај одредени лица да се преземат мерки и да се изготват акти со кои ќе се утврди нејзиниот статус.

11.2.13. Ставката Специјално и тековно одржување е преценета за износ од 175 илјади денари, за истиот износ е потценет Вишокот на приходи над расходи за набавеното семе за трева, за кое нема документи каде е истото дадено – издатници ниту го имаше на лице место. Лицето потпишано на приемницата даде писмена изјава на ревизијата дека семето го нема ниту примено ниту издадено, а му било наложено да ја потпише испратницата. Општина Гази Баба нема воведено материјална евиденција на залихите на материјали, како и нема задолжено лице за евидентирање на набавките и издавање на набавените материјали. Ваквиот начин може да доведе до нереално искажување на трошоците и до можни злоупотреби.

**Препорака:**

Да се воведе материјална евиденција на залихите на материјали и ситен инвентар и да се задолжи едно лице кое ќе биде одговорно за овие набавки како и кое ќе ракува со магацинот.

11.2.14. Ставката Специјално и тековно одржување е преценета за износ од 1.309 илјади денари за повеќе фактурираните услуги за хортикултурно уредување на просторот на општина Гази Баба од Компанија Кочоски. По договорените по спецификација работи фактурирано е повеќе за износ од 1.309 илјади денари, без да се направи анекс кон договорот доколку има потреба од зголемување на обемот на работите. Исплатените фактури по овој основ во износ од 4.974 илјади денари не се поткрепени целосно со градежна книга и градежен дневник, градежен дневник има само за месец 09 и месец 10 односно за фактури на износ од 1.252 илјади денари, фактурите се без дата на издавање и без да се знае кога е работата извршена сите не се потпишани од лицето вработено во општината кое треба да го потврди извршувањето на работите. Ваквиот начин придонесува да се вршат исплати за неизвршени услуги.

**Препорака:**

Во прилог на финансиската документација во сметководството секогаш треба да се приложени кон фактурите и ситуациите градежниот дневник и градежната книга, за зголемен обем на работи треба да се склучуваат анекси кон договорите, фактурите да бидат уредни да ги содржат сите елементи пропишани со закон и да не се исплаќаат фактури без да бидат ликвидирани односно уредно потпишани од овластено лице.

11.2.15. Ставката специјално и тековно одржување и Ставката Изградба, реновирње и унапредување во делот на трошоците за тековно одржување и изградба на осветлување на објекти каде изведувач е фирмата Макиз 2002 се преценети за износ

од 782 илјади денари а за истиот износ е потценет Вишокот на приходи над расходи и тоа:

- За износ од 506 илјади денари за со секоја фактура фактурираните и платени трошоци за технички прием кој атести на барање на ревизијата не ни беа презентирани на вкупен износ од 187 илјади денари и за непредвидени трошоци фактурирани во секоја фактура и платени на вкупен износ од 319 илјади денари за кои исто така не ни беше дадено адекватно објаснување од надзорот, и
- За трошоци за изградба на осветлување на паркинг кај Тинекс во Автокоманда во износ од 276 илјади денари кој објект при увидот на лице место неможевме да го видими бидејќи надзорот не знаеше дали постои таков објект, а во разговор со жителите ни беше кажано дека продавница на Тинекс во Автокоманда непостои.

За извршените работи од фирма Макиз 2002 во износ од 26.900 илјади денари по основ на осветлување на објекти на ревизијата не и беше доставен градежен дневник за објектите а во самите фактури објектите се многу нејасно дефинирани. Ревизијата се оградува од реалноста на оваа позиција и од фактот што за извршената контрола на работењето на Макиз 2002 од страна на Управата за јавни приходи Дирекција Скопје по записник број 16-34/2537 е утврдено дека ниту изведувачот ниту подизведувачот М Златомир –трејд, не доставиле веродостојна документација за градежните зафати а Макиз 2002 изготвил и доставил фактури до инвеститорот за градежните зафати врз основа на добиените фактури и спецификации од подизведувачот, но по цени кои се повисоки и до 40%.

**Препорака:**

При склучување на договорите со изведувачите јасно да се дефинирани објектите на кои ќе се извршуваат работите како и обемот на работите. Во прилог на фактурите и ситуациите да се наоѓаат документи од типот записници за предавање на објектите во употеба а на барање градежен дневник и градежна книга.

11.2.16. За искажаните расходи во износ од 20.224 илјади денари на ставката Изградба, реновирање и унапредување, и ставката Специјално и тековно одржување ревизијата се оградува од реалноста на истите поради некомплетност на приложените документи ( непотврдени документи од инвеститор, немање на документи за технички прием на одредени објекти, плаќања по ситуации од минати години без да се има аналитичка евиденција по добавувачи и објекти, недоволно прецизни договори, без да се денфинирани објектите кои се предмет на договорот, фактури во кои не се наведени точните локации на објектите ниту пак се поврзуваат со договорот, непрезентирање на градежна книга, градежен дневник, фактурата да е со дата пред датата на градежниот дневник, при увидот на лице место од страна на ревизијата ниту надзорот ниту лицето од инвеститорот кај одредени објекти не се во состојба да ги покажат, договорот е на една цена а има зголемување без да се направи анекс, доставени ситуации за одредени активности без работни налози и доказ за извршени активности и др.), прикажани во Прилог бр.1 на овој Извештај.

**Препорака:**

- Надлежните служби во Општината да воведат аналитичка евиденција по добавувачи и објекти да се следи изградбата на објектот и истиот да се евидентира како инвестиција во тек а со предавањето во употреба како постојано средство со соодветно зголемување на изворите на капитални средства;
- Пред да се започне со изградба да се обезбеди дозвола за изградба и сета потребна документација согласно позитивната законска регулатива;
- Евидентирањето на документацијата да се врши редовно а не кога по истита се плаќа;
- Документите да се уредни: потпишани од надзорен орган, инвеститор и изведувач, прилог градежна книга и градежен дневник а со завршната ситуација

и документ за прием и предавање во употреба на објектот, а кај некои активности како што е зимското одржување на патиштата и работни налози по денови уредно потпишани од лице кое го следи извршувањето на задачите;

- Да не се користат формите за плаќање како асигнации, компензаци и цесии бидејќи создаваат можност за измами, грешки, злоупотреби, корупција и набавки по зголемени цени;
- Договорите да се јасно дефинирани да имаат вредност да се утврдени објектите кои ќе бидат предмет на градба и за зголемен обем на работи да се склучуваат анекси.

11.2.17. Поради погрешна сметководствена евиденција ревизијата утврди нереално искажување на расходите во Билансот на приходи и расходи, спротивно на Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план за корисниците на буџетите и тоа:

- Ставката Нето основни плати е преценета за износ од 109 илјади денари, за кој износ е потценета ставката Придонеси од плати и персонален данок;
- Ставката Придонеси од плати и персонален данок е преценета за износ од 162 илјади денари а е потценета ставката Договорни услуги;
- Ставката Договорни услуги е преценета за 30 илјади денари а за истиот износ е потценета ставката Тековна резерва.

**Препорака:**
При евидентирањето на расходите правилно да се преминува Правилникот за содржината на одделни сметки во сметковниот план за буџетските корисници.

## 11.3. Неправилности во искажување на позициите во Билансот на состојбата

11.3.1. Состојбата на позицијата Парични средства е преценета за износот на салдото искажано на 31 декември 2004 година во износ од 35 илјади денари во благајната, за кој износ е преценета и позицијата Пасивни временски разграничувања поради непрефрлените средства во корист на сметката на Буџетот, а поради непочитување на одредбите на членот 36 од Законот за буџетите.

11.3.2. Постои неусогласеност помеѓу позицијата Парични средства и позицијата Вишок на приходи над расходи во Билансот на состојба за 196 илјади денари кое се должи на помалку евидентираните трошоци по основ на дадените аванси на вработени а кои до крајот на годината не се вратени. Ваквиот начин на евидентирање на авансите Општина Гази Баба го практикува со години наназад а на тој начин го нарушува буџетскиот принцип на сметководствено евидентирање, што е спротивно со член 18 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници.

**Препорака:**
Надлежното одделение за сметководство да го почитува Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници односно сметководственото начело на парично искажување.

11.3.3. Надлежните служби во општина Гази Баба не презеле никакви мерки за наплата на дадените аванси од минати години. Состојбата на позицијата Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции во Билансот на состојбата на 31.12.04 година, изнесува 196 илјади денари и потекнува од минати години. Авансите се дадени спротивно на Законот за буџетите, на лица вработени во општината во тој период и при напуштање на општината не се преземени мерки за наплата на истите. Со состојба на 30.04.2005 година состојбата на невратените аванси изнесува 122 илјади денари.

**Препорака:**
Надлежното одделение да ги преземе сите законски мерки за наплата на дадените аванси како не би се довеле во состојба истите да застарат.

11.3.4. На позицијата Други краткорочни побарувања е евидентирано побарување во износ од 62 илјади денари од фирмата Енергомонт за повеќе исплатени средства по пат на компензација за кое не се преземени мерки за негова наплата. Ова побарување се пренесува од 2003 година и за истото не се направени никакви активности за наплата. Ова евидентирање се должи на немање на сметководствени политики при наплата на побарувањата и безготовинскиот начин на плаќање.

**Препорака:**

Да се преземат мерки за наплата на овие средства односно фирмата да ги врати или да се обезбедат услуги за да не застари побарувањето а да не се практикуваат форми на плаќање со кои ќе се даваат аванси без извршени услуги.

11.3.5. Позицијата Краткорочни обврски за даноци и Активни временски разграничувања во Билансот на состојба се потценети во износ од 83 илјади денари за неплатениот персонален данок за исплатите по следните основи:

- За набавените дресови на износ од 28 илјади денари;
- За набавените тренерки на износ од 60 илјади денари;
- За туристичките аранжмани за осмо мартовски патувања на вработените на вкупен износ од 327 илјади денари за 2004 и 2005 година, и
- За набавените 100 билети за фестивалот Роса и 243 билети за Гоце Фест на вкупен износ од 84 илјади денари. Непресметаниот и неплатениот персонален данок е резултат на неинформираноста на надлежните служби дека и во овие случаи се пресметува и плаќа персонален данок, согласно член 14 а од Законот за персонален данок на доход.

**Препорака:**

При исплати во пари или давања во стоки и услуги на физички лица по основи кои не се во ослободувањата согласно одредбите од Законот за персонален данок на доход, треба да се пресмета и плати персонален данок .

11.3.6. Позицијата Материјални средства во делот на ставката Градежни објекти во Билансот на состојбата е потценета за износ од 1.769 илјади денари за извршените реконструкции на објекти на општина Гази Баба на бараките во кои се сместени службите на општината.

За истиот износ се потценети Изворите на капитални средства во делот на ставката Државен јавен капитал. За извршените реконструкции надлежните лица во сметководството ги немаат спроведено соодветните книжења за зголемување на градежната вредност на објектите на кои е вршена реконструкција, што е во спротивност со Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници.

**Препорака:**

Надлежната служба да изврши евиденција на извршените реконструкции со зголемување на градежната вредност на соодветните објекти.

11.3.7. Позицијата Материјални средства во делот на ставката Опрема во Билансот на состојбата е потценета за износ од 145 илјади денари за неевидентираниот набавен фотокопирен апарат во 2003 година, а за непресметаната амортизација за 2003 година како и за неточно пресметаната амортизација за 2004 година за набавениот фотокопирен апарат, се потценети позицијата Исправка на вредноста на опремата за 42 илјади денари и Изворите на капитални средства за износ од 103 илјади денари.

**Препорака:**

За неправилностите во искажување на позициите во Билансот на состојбата да се преземат мерки од надлежното одделение и да се извршат исправки.

11.3.8. За искажаната состојба на позицијата Материјални средства и Извори на капитални средства во Билансот на состојба ревизијата се оградува од реалноста на истата од причина што нема имотни листи за имотот со кој располага општината, не е

целосно спроведено Решението на Владата на Република Македонија број 23-257/20 од 08.02.2000 година за пренесување на право на сопственост по делбениот биланс помеѓу Република Македонија и новоформираните општини како и не е извршено усогласување помеѓу фактичката состојба и состојбата прикажана во сметководството. Голем дел од опремата евидентирана во материјалната евиденција ( фотоапарт, приколка за џип, 12 косилки за трева, телевизор, три гештетнера), со пописот не е утврдена и обратно (фрижидер, греалка, калорифер и др.). Ваквиот начин доведува до нереално прикажување на позицијата на материјални средства и нејзините извори.

**Препорака:**

- Општината да обезбеди имотни листи од надлежниот орган односно од Републичката геодетска управа;
- Да се евидентира имотот добиен согласно решението број 23-257/20 од 08.02.2000 година во сметководствената евиденција. За утврдување на вредноста да се формира стручна комисија;
- Потребно е да се изврши обележување (инвентарисување) на основните средства со кои располага Општина Гази Баба;
- Ревизијата препорачува да се изврши вонреден попис и правилно и реално да се утврди состојбата на постојаните средства.

11.3.9. Позицијата Краткорочни обврски спрема добавувачи во Билансот на состојбата е потценета за износ од 3.334 илјади денари за кој износ е потценета позицијата Активни временски разганичувања поради неевидентирање на обврски. Со Записник од 16.04.2003 година е извршен технички прием за објектот фекална канализација Вардариште. Објектот фекална канализација Вардариште е започнат да се гради во 2002 за што е склучен договор бр.08-479/1 од 14.06.2002 помеѓу Општина Гази Баба и изведувачот Адонис Христос ДООЕЛ Скопје, договорот е на износ од 14.153 илјади денари. На 19.12.2002 година е склучен анекс кон договорот на износ од 2.815 илјади денари. Завршната ситуација е од 15.07.2005 година и по истата за плаќање има долг од 3.334 илјади денари и заостанат долг од девета времена ситуација од 657 илјади денари или вкупно 3.991 илјада денари, по договор помеѓу инвеститорот и изведувачот завршната ситуација е дадена со задоцнување односно кога ќе се обезбедат средства. Кон завршната ситуација има прилог во кој е наведено дека изведувачот е должен да му рефундира 4.508 м цефки Ф 250 на инвеститорот, доколку цената на цевките останува непроменета од 2003 година како и да посредува при наплатата на делот на месната заедница Маџари на износ од 1.547 илјади денари. За дадените цевки на изведувачот од инвеститорот нема никаков документ и ревизијата при увид во документите случајно дојде до овој податок како и за учеството на месната заедница со финансиски средства во инвестицијата фекална канализација Вардариште. Во договорот никаде не е наведено учеството на месната заедница и начинот на плаќањето ниту пак во општината се има евиденција колкаво е учеството на месната заедница и колкава е нејзината обврска за општината да е обврзана да посредува во наплатата на делот на месната заедница. Во разговор со надлежните лица - надзорот бевме известени дека нема пишан акт за дадените цевки од причина што не се знаело како треба истото да се регулира.

**Препорака:**

При завршување на градбата на објектот со Записникот за примопредавање односно за технички прием да се достави и евидентира завршната ситуација уредно потпишана, за сите заемни односи помеѓу инвеститорот и изведувачот да се вградат одредби во договорот и инвеститорот да не презема активности надвор од утврдените со договорот. За дадените цевки на изведувачот од страна на инвеститорот под итно да се изготви акт со кој ќе се регулира начинот на враќање на дадените цевки.

## 11.4. Ненаменско и незаконско користење на средства

11.4.1. Направени расходи без предходно обезбедени средства со буџетот

Извршени се расходи за кои не се обезбедени средства од буџетот на општината за 2004 година во износ од 144 илјади денари, а кои се однесуваат за позицијата Плати, наемнини и надоместоци.

11.4.2.Неприменување на одредбите од Законот за јавни набавки:

- Не е спроведена соодветна постапка за јавни набавки во вредност од 3.779 илјади денари (Прилог бр.2 точка 1).
- Не е донесен план за вкупните потреби за набавки во тековната година по видови на производи (стоки), услуги и работи, со кој се определува и динамиката за реализација на набавките и постапката за јавна набавка која ќе се користи;
- Не е донесен интерен акт – Правилник за регулирање на начинот и постапката на набавките од мала вредност, и
- Не се води посебна евиденција за малите набавки.

**Препорака:** Да се обезбеди целосна примена на Законот за јавни набавки во сите негови аспекти во зависност од видот и вредноста на набавката, а особено:

- Општината до крајот на јануари од тековната година да донесе план за вкупните потреби за набавки во тековната година по видови на производи (стоки), услуги и работи, со кој се определува и динамиката за реализација на набавките и постапката за јавна набавка која ќе се користи;
- Општината да донесе интерен акт за регулирање на начините на набавките од мала вредност.

10.4.3. Извршени се набавки во вкупен износ од 267 илјади денари спротивно на член 11 и 61 од Законот за јавни набавки.(Прилог бр.2 точка 2).

10.4.4. Во текот на 2004 година извршени се набавки во вкупен износ од 2.350 илјади денари спротивно на член 45 од Законот за јавни набавки(Сл.весник на РМ 21/02 и 24/03). (Прилог 2 точка 3).

10.4.5. Општина Гази Баба не постапува согласно член 22 од Законот за јавни набавки во смисла на утврдување на максималната цена потребна за вкупната набавка, над која не може да биде прифатена понудата.

11. Вкупниот ефект од изнесените наоди во точката 11.2. е преценување на расходите и потценување на вишокот на приходи над расходи за вкупен износ од 5.914 илјади денари во Билансот на приходи и расходи за 2004 година. Вкупниот ефект од наодите во точка 11.3. е потценување на билансните позиции во Билансот на состојбата за 2004 година во вкупен износ од 5.254 илјади денари.

12. Според наше мислење поради значајноста на прашањата изнесени во точките 11.1 до 11.3., финансиските извештаи на Органот не ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на единицата на локална самоуправа Гази Баба под 31 декември 2004 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум согласно важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките од 11.1. до 11.4., кај единицата на локална самоуправа Гази Баба не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2004 година.

14. Предмет на ревизија покрај ревизија на финансиските извештаи за 2004 година беше е финансиското работење на сметката на органот на Општина Гази Баба до

30.04.2005 година.
Ревизијата дојде до податоци дека општина Гази Баба има неизмирени обврски во износ од 60.636 илјади денари до оваа дата по фактури кои се пристигнати а се однесуваат за 2004 година и минати години.

15. Обрнуваме внимание во овој извештај, дека општина Гази Баба е тужена странка во повеќе судски спорови и тоа:

- По основ на изградба и поправка на патишта во општина Гази Баба на износ од 4.562 илјади денари од Миса- МГ нема договор;
- По основ исплата на плати и надоместоци на износ од 241 илјада денари тужител Борче Стефановски;
- Неплатени сметки за електрична енергија тужител Електро стопанство на Македонија на износ од 1.123 илјади денари;
- По основ на крпење на ударни дупки на износ од 643 илјади денари тужител АДГ Маврово, и
- За експропријација на земјиште за пробиен пат во Раштак тужител Љубомир Ацевски вредноста на спорот не е определена.

Конечна разврска по ова прашање засега не може да се утврди ниту пак е изразена резерва по овој основ за евентуални ефекти врз финансиските извештаи на општина Гази Баба за годината која завршува со 31 Декември 2004 година.

16. Во врска со Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи на Органот на општина Гази Баба за 2001 година, ревизијата утврди дека за наодите од точките 9.1. до 9.29. од страна на субјектот не се превземени мерки за отстранување на наведените слабости и неправилности.

**Скопје, 26.10.2005 година**

**Овластен државен ревизор**
**Лилјана Стојанова**



***Ул:"Маршал Тито"бр.12/3***
***Палата Македонија-Скопје;***
***тел: 3211-262; факс: 3126-311***

**ОРГАН НА ЕЛС ГАЗИ БАБА**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3.3. | 56,982 | 9,348 |
| Неданочни приходи | 3.4. | 3,472 | 427 |
| Трансфери и донации | 3.5. | 38,985 | 16,287 |
| **Вкупно приходи** | | **99,439** | **26,062** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.1.1. | 11,940 | 11,486 |
| Стоки и други услуги | 3.1.2 | 13,261 | 4,440 |
| Тековни трансфери | 3.1.3. | 4,451 | 19 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **29,652** | **15,945** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Купување на капитални средства | 3.2.1. | 69,556 | 9,691 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **69,556** | **9,691** |
| **Вкупно расходи** | | **99,208** | **25,636** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | | **231** | **426** |

**ОРГАН НА ЕЛС ГАЗИ БАБА**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 35 | 352 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 4.1.2. | 196 | 74 |
| Побарувања од вработените | 4.1.3. | 62 | 62 |
| Финансиски и пресметковни односи | 4.1.4. | 3,605 | 3,605 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.5. | 29,990 | 7,527 |
| **Вкупно тековни средства** | | **33,888** | **11,620** |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални средства | 4.2.1. | 10,303 | 10,911 |
| **Вкупно постојани средства** | | **10,303** | **10,911** |
| **Вкупна актива** | | **44,191** | **22,531** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 29,990 | 7,527 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.2. | 3,898 | 4,093 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **33,888** | **11,620** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 10,303 | 10,911 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **10,303** | **10,911** |
| **Вкупна пасива** | | **44,191** | **22,531** |

**ОРГАН НА ЕЛС ГАЗИ БАБА**

**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2004 ГОДИНА**

000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2004 година** | **10,911** | **-** | **10,911** |
| **Зголемување по основ на:** | **372** | **(368)** | **4** |
| Набавки | 372 | (368) | **4** |
| Инвестиции во тек-градежни објекти | - | | **-** |
| Ревалоризација на капитални средства | - | - | **-** |
| **Намалување по основ на:** | **(980)** | **368** | **(612)** |
| Отпис на капитални средства | | 368 | **368** |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | | | **-** |
| Амортизација | (980) | - | **(980)** |
| **Состојба 31.12.2004 година** | **10,303** | **-** | **10,303** |

## ПРИЛОГ БРОЈ 1

Во 000 денари

| Р.бр | Предмет на набавка | Добавувач | Износ | договор | забелешка |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Поплочување со бехатон плочки | ИГМ Вратница | 9.878 | Фактури од 2004 година по дог. бр.08-415/1 од 12.05.04 | Нема градежен дневник |
| 2 | Поплочување со бехатон плочки | ИГМ Вратница | | 936 од 31.07.2003 и ф-ра 1569 од 31.10.03 | Нема ниту градежен дневник ниту градежна книга |
| 3 | Поплочување со бехатон плочки | ИГМ Вратница | 658 | Ф-ра 38;49;32 и 20 од 02 и 904 од 20.07.02 и 753 од 28.06.02 | Нема градежен дневник и градежна книга |
| 4 | Поплочување со бехатон плочки | ИГМ Вратница | 607 | Ф-ри 60;48 и 37 од 2002 и 1435 од 31.10.02 | Нема градежен дневник |
| 5 | Извршени асфалтерски работи асфалтирање и крпење на ударни дупки | Јоцо Компани | 1,689 | 06/04;07/04;24/04;27/04 34/2004 и 13/2005 | Фактурата е со дата пред датата на градежниот дневник или градежниот дневник е без дата |
| 6 | Изведба на нови и санирање на постојните спортски терени во општина Гази Баба | ТМ Инивест | 2,268 | Фактури 44/04;29/04,32/04;31/04 | Нема ниту градежна книга ниту градежен дневник |
| 7 | Изведба на нови и санирање на постојните спортски терени во општина Гази Баба | ТМ Инвест | 1.509 | Ф-ра 43/04;18/04;19/04;21/04;22/04;24/04;26/04 и 27/04 | Има градежна книга нема градежен дневник не ни беше покажано детско игралиште во населба Железара |
| 8 | Набавка и транспорт и вградување на тампонски слој за пат нас. Бутел Раштак | Фокус Метал | 1,595 | Прва времена и завршна ситуација | Нема градежен дневник и Записник за примопредавање на објектот |
| 9 | Зимско одржување на патиштата | Тргопревоз | 1,165 | Прва времена и втора времена ситуација | Нема работни налози каде е вршено чистење на кои улици, каде е ставана сол и песок и во кои количини потпишани дека работата е завршена |
| | **Вкупно** | | **20.224** | | |

## *ПРИЛОГ БРОЈ 2*

Преглед на извршени набавки без спроведена постапка за јавни набавки

Во 000 денари

| Р.бр | Предмет на набавка | Добавувач | договор | Износ | забелешка |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Користење спортска сала за УПОС-Синдикат на ЕЛС Гази Баба, | Спортска сала Автокоманда | | 30 | Нема договор |
| 2 | Надзор при изградба, реконструкција и одржување на локални патишта и улици | Илиевски Вите | | 235 | Нема договор |
| 3 | Надзор при изработка на хортикултурно уредување во парковите на територијата на ЕЛС ГБ | Витомир Савиќ | | 24 | Нема договор |
| 4 | Надзор при работењето на одржување и изградба на улично светло | Димитар Даскаловски | | 165 | Нема договор |
| 5 | Набавка на мобилни телефони | Моби Мак АД | Ф-ра 1-26-1833/0 1-26-2041/0 | 53 | Нема прибрано ниту понуди |
| 6 | Набавка на клима уред фонко | Стилико 1 Скопје | Ф-ра 01.21/2004 | 41 | Нема прибрано ниту понуди |
| 7 | Изработка на проектна документација | Аура Инвест Скопје | 012/4 и 003/03 до 1.04.2004 | 123 | Нема прибрано ниту понуди |
| 8 | Услуги за копирање | Копи центар Тони | сметкопотврди | 128 | |
| 9 | ТВ репортажа | Амазон | Договор за деловна соработка | 180 | |
| 10 | Комерцијална ТВ програма | МТМ | Фактура 1004/ТВ | 184 | Нема договор |
| 11 | Набавка на газирани сокови | Вио Комерц | сметкопотврди | 151 | |
| 12 | Набавка на газирана вода и сокови | Будла М | сметкопотврди | 72 | |
| 13 | Туристички патувања | Нехар турс | фактури | 297 | |
| 14 | Утовар на шут од н. Железара | Компанија Кочоски | Фактура 05 од 08.07.2004 | 178 | |
| 15 | Фекална канализација Вардариште | Аадонис Христос | шеста,осма и девета времена ситуација | 1,918 | Не ни беше приложена документација дека е спроведена јавна набавка во 2002 |
| | **Вкупно** | | | **3.779** | |